АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Март 2024** **Бр.3**

## Родово заснованото насилство на националните телевизии во фокусот на првиот јавен состанок на АВМУ



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28 март го одржа првиот јавен состанок за 2024 година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и наодите од Истражувањето за начинот на известување за родово заснованото насилство во информативните програми на националните телевизии во 2023 година, кое за потребите на Агенцијата го изработи Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во него се опфатени првите десет дена од месеците јануари, февруари и март 2023 година. Истражувањето опфаќа две целини, од кои едната се однесува на прилози кои прикажуваат конкретни случи/настани на родово засновато насилство, додека втората, на прилози кои презентираат одредени состојби поврзани со оваа појава, како податоци од истражувања, статистички податоци, однос на релевантните институции и мерките што тие ги преземаат.

Од анализирани прилози, идентификувани се 22 кои обработуваа конкретни настани што се однесуваат на родово засновано насилство. Анализата покажа дека тие се најчесто во форма на вест или извештај, актерите и изворите на информации се прецизно наведени и најчесто се емитуваат на крајот на информативните емисии. Во однос на прилозите кои го обработуваа родово заснованото насилство како појава, идентификувани се 11 прилози, во кои најчестите типови на насилство беа видови на економско насилство, фемицидот, семејното и психолошкото насилство.

## Одржана работилница за справување со говорот на омраза кај медиумите и онлајн платформите



Во рамки на Твининг проектот "Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис", на 21 март се одржа работилницата „Справување со говорот на омраза кај медиумските услуги и онлајн платформите", наменета за членките на Мрежата против говор на омраза во медиумите и вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во воведното обраќање директорот на АВМУ д-р Зоран Трајчевски, посочи дека Агенцијата во последниве 6 години нема констатирано говор на омраза за кој е одговорна телевизија или радио, но дека тоа не значи дека говорот на омраза не е присутен на други медиуми. Извршната директорка на Советот за етика во медиумите во Македонија и координаторка на Мрежата против говор на омраза во медиумите, Билјана Георгиевска, потенцираше дека има значителен пораст на пријави и донесени одлуки од Комисијата за жалби при Советот, кои што се однесуваат на говор на омраза на интернет просторот, посебно во делот на коментарите на социјалните мрежи.

За иницијативите и препораките на Советот на Европа и на Обединетите нации за справување со говор на омраза во медиумите и на онлајн платформите говореше д-р Александер Шафер од Федералното министерство за правда на Сојузна Република Германија. Клер Мозелаге од истата институција ги сподели новите правила кои важат за интернет просторот и за влијанието на Регулативата за дигитални услуги на Европската Унија (Актот за дигитални услуги) во борбата против говорот на омраза.

Искуства за регулаторниот пристап, на настанот сподели д-р Нилс Шулте од Федералната канцеларија за правда на Сојузна Република Германија, кој се осврна на процесот за усогласување на социјалните мрежи и платформите за споделување на видеа со европската регулатива за говор на омраза и на предизвиците со кои се соочуваат во текот на регулацијата на интернет платформите.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Одржана јавна презентација на Нацрт – Правилникот за пристапност до медиумските услуги



На 14 март во просториите на Europe House во Скопје, се одржа јавна презентација на Нацрт-Правилникот за пристапност до медиумските услуги, подготвен во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)". Во воведното обраќање директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски посочи дека изработката на актот произлегува од измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од јули 2023 година, со кои се овозможува задолжителна пристапност до медиумските услуги за лицата со попреченост.

За спроведувањето на обврските од регулативата во европски рамки, на настанот говореше Деирдре КЕВИН, консултантка на Советот на Европа со чија помош АВМУ го подготви текстот за Нацрт-правилникот, потенцирајќи ги искуствата и практиките на земјите од Европската Унија во поглед на обезбедување содржини прилагодени за лицата со оштетен слух и вид од страна на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

При презентацијата на Нацрт – Правилникот, м-р Сашо Богдановски, раководител на Одделението за човекови права и медиумска писменост во АВМУ, меѓу другото ги посочи обврските кои треба да ги исполнат радијата, телевизиите и медиумските услуги по барање и како преку електронски пат да се оствари контакт со Агенцијата за прашања поврзани со пристапноста на медиумските услуги. По текстот на Нацрт-документот е отворена јавна расправа на која сите заинтересирани страни можат да учествуваат со свои мислења и предлози и истите во писмена форма да ги достават на е-адресата contact@avmu.mk. Јавната расправа трае 90 дена, заклучно со 10 јуни 2024 година.

## Донесено упатство за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарни избори 2024

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел појаснување на начинот на примена на правилата од Изборниот законик на 29 март донесе Упатство за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарни избори 2024.

Со Упатството се опфатени правилата за лимитите за платеното политичко рекламирање (ППР), означувањето на нарачателот на рекламирањето, распределбатата на времето во вести кај Јавниот сервис, бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал, обезбедувањето пристапност на содржините за изборниот процес за лицата со попреченост, правилата за известување во деновите на изборниот молк особено за периодот на преклопување на двата изборни процеси.

За време на изборната кампања за Претседателските избори, во првиот круг на гласање, радиодифузерите може да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма, исклучиво наменети за ППР. Во Упатството е точно утврдена распределбата на овие минути меѓу седумте подносители на листи/кандидатите за претседател. Во вториот круг на гласање вкупното време за ППР ќе зависи од времето за ППР што го користат подносителите на листи/кандидатите за претседател кои ќе ја продолжат изборната кампања во вториот круг.

За време на изборната кампања за Парламентарните избори, радиодифузерите имаат право на дополнителни девет минути и триесет секунди за рекламирање на реален час, исклучиво наменети за ППР. По потврдувањето на поднесените листи на кандидати за пратеници од страна на Државната изборна комисија, Агенцијата соодветно ќе го дополни Упатството за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарни избори 2024.

За време на изборниот молк за Претседателските избори, на 23 и на 24 април (до 19 часот) 2024 година, продолжува изборната кампања за Парламентарните избори, но запира медиумското покривање во вестите и во посебните-информативни емисии на учесниците во изборните кампањи за двата изборни процеси.

## Објавен извештај за предизборното медиумско претставување од 15 февруари до 7 март

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15 март го објави Извештајот од мониторингот на медиумското претставување за претстојните претседателски и парламентарни избори, за периодот од 15 февруари до 7 март 2024 година. Со мониторингот беа опфатени девет национални телевизиски програмски сервиси – МРТ 1, МРТ 2, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М и ТВ 24 Вести.

Во извештајот се анализирани прилозите во централните изданија на вестите/ТВ дневникот, поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено-политички случувања, како и другите видови емисии од овој тематски делокруг. Наодите од мониторингот покажаа дека во овој период не се констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Соопштенија за јавност

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 22 март преку соопштение за јавност го осуди физичкиот напад од страна на извршителката Весна Јакимовска од Кичево, врз новинарот Фуркан Салиу од ПорталИкс. Во соопштението беше посочено дека имајќи предвид дека напад на новинар во Кривичниот законик се третира како напад врз службено лице, апсолутно е неприфатливо ваквото однесување од лица кои спроведуваат делови од правниот систем. Како и во повеќе наврати досега, Агенцијата потенцираше дека е неопходно да се овозможат услови за безбедно и професионално извршување на работните задачи на претставниците на медиумите.

На 4 март, преку соопштение за јавност беше осуден вулгарниот и недоличен говор на претседателот на политичката партија Левица Димитар Апасиев на социјалната мрежа Фејсбук, кој се однесуваше на телевизија Канал 5. Покрај јавното етикетирање и дискредитирање на медиумот и неговото одговорно лице, во објавата беше упатен и повик за бојкот на огласувачите и нивните производи на ТВ Канал 5, при што се споменуваше системска организирана антикампања. Во соопштението беше посочено дека ваквото однесување е апсолутно неприфатливо, особено кога станува збор за политичари и јавни личности кои треба да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на медиумите.

## Отворена на јавна расправа за Нацрт-Упатството за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 12 март, усвои Нацрт- Упатство за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Измената и дополнувањето на Упатството произлегува од измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од јули 2023 година, каде беа направени промени поврзани со пласирањето производи.

Агенцијата ги повика сите радиодифузери, даватели на АВМУ по барање и заинтересирани страни, со свои мислења и предлози да учествуваат во јавната расправа и истите во писмена форма да ги достават по електронски пат на е-адресата contact@avmu.mk. Јавната расправа трае 90 дена, заклучно со 11 јуни 2024 година.

## Надзори врз оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите Бив Пирамида, Нафи и Беко, Каблекалл, Скупи Кабле, Винсат Кабел, Дрим Сат ИПТВ и Кабел-Нет за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не се констатирани прекршувања.

Агенцијата изврши контролен програмски надзор врз операторите Теленет Ком, Мултимедија Нетворк Л и Инфел-КТВ за да се утврди дали операторите постапиле по мерките јавна опомена упатени заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата, согласно член 141 од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека операторите во целост постапиле согласно законските одредби.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 1 март 2024 година донесе решение за изрекување мерка јавна опомена за вториот ТВ програмски сервис на Македонска радиотелевизија МРТ 2, поради не емитување најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018